РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1777/2
01-09-2023 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1777/1 од 24.03.2023 година, со наводи за партиски вработувања и вработување на луѓе под политичко влијание во ---------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи на надлежно постапување.

Предметот со број 12-1777/1 од 24.03.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 24.03.2023 година, доставена е пријава заведена со број 12-1777/1, со наводи за назначување на лице без соодветно искуство на работното место ,,Државен советник за поддршка на компании при настап на -----------------,, во -----------------------------------.

Подносителот во пријавата наведува дека низа вработувања во Министерството за одбрана се вршат под партиско и политичко влијание, без да наведува конкретни податоци и докази за изразените наводи.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што постапката за вработување во органите на државната управа се строго регулирани, со воспоставени критериуми, процедури и учество на Агенција за администрација поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска-Дојчиновска**

Изработил: Ф.Ј, советник
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk